**Универзитет "Св. Кирил и Методиј"**
**Медицински Факултет, Клинички Центар**
**Клиника за ендокринологија, дијабетес**
**и болести на метаболизмот–Скопје**
Ул. Водњанска 17 МК-1000 Скопје • Тел 02/ 134-016 • Факс 02/ 212-480 • www.endocrinology.org.mk •
info@endocrinology.org.mk • Хоспитален оддел 147-264 • Ендокринолошка поликлиниката 147-265
Центар за дијабетес 147-263 • Лабораторија 147-673 • Лекарска соба 147-254

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ

Целта на овој информатор е да ви ја претставиме нашата Клиника и да ви дадеме информации за основите средства и услуги кои ги имаме и кои би му помогнале на пациентот во престојот во болницата. Секако, дополнителни информации можете да добиете од нашиот персонал. Пациентите е пожелно да разговараат за своите потреби со вработените на болницата, било за куќниот ред во болницата или за нивната болест или програмата за терапија.

## ЗА КЛИНИКАТА.

Клиниката за ендокринологија и болести на метаболизмот како дел од Медицинскиот Факултет и Клиничкиот Центар, обавува здравствена, наставна и научна дејност.
Здравствената дејност се однесува на секундарна и терциерна здравствена заштита во превенција, дијагноза и лекување на специфични ендокрини заболувања (дијабетес и неговите компликации, тироидни нарушувања, машка неплодност, пореметувања на надбубрежната жлезда, хипоталамус-хипофиза).
Наставната дејност се обававува во склоп на наставата на Медицинскиот факултет и опфаќа настава на студенти по медицина и стоматологија по предметите интерна пропедевтика, интерна медицина, како и обавување на на специјалистичкиот турнус по ендокринологија како дел од специјализатијата по интерна медицина и општа медицина. Наставниот кадар се состои од 3 професори, 2 научни соработници и 6 асистенти.
Научната дејност на Клиниката се однесува во изработка на научно-стручни проекти, односно ретроспективни и проспективни студии од областа на дијабетесот и ендокринологијата. Партиципацијата на европските и светските конгреси од областа на ендокринологијата им овозможува на докторите од клиниката следење на светските трендови на медицината. Од страна на наставно научните работници на клиниката објавени се повеќе од 200 трудови во земјата и странство. Издадени се неколку учебници и монографии од областа на ендокринологијата и дијабетологијата.

## ИСТОРИЈАТ НА КЛИНИКАТА.

Ендокринолошката служба, како дел од интерната медицина почна да се развива со формирањето на интерната клиника како дел Медицинскиот факултет во Скопје во 1947 год. Развојот на интерната медицина, неминовно доведе до формирање на посебно одделение за ендокринологија во 1955. Со преструктуирање на Интерната клиника, одделението прерасна во Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот во 1974 год. Тимот на клиниката располага со 11 специјалисти по интерна медицина, 1 специјалист по офталмологија, 2 помлади доктори на специјализација, 1 биолог и повеќе виши и средни медицински сестри.

## ПРИСТАП НА КЛИНИКАТА.

Кога ќе пристигнете на Клиниката за Ендокринологија, вие или вашето семејство ќе бидете замолени да ја предадете медицинската документација (болнички упат, сино картонче, здравствена легитимација и лична карта).
Записот за прием го издава докторот кој утврдил дека пациентот е за хоспитализација, освен кај итните медицински случаи.
Вие ќе бидете сместени од страна на медицинската сестра во соодветна соба.
Медицинската сестра е одговорна да ве запознае со основните постоечки можности во вашата соба. Ќе добиете чиста постелнина, која ќе биде менувана еднаш неделно од страна на медицинската сестра. Покрај вашиот кревет ќе имате касета, во која ќе можете да ги сместите вашите лични работи.
Наша препорака е сите вредни работи да ги оставите дома, во спротивно тие ќе бидат ваша одговорност.

## ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА.

За да се зачува вашата лична хигиена, ви препорачуваме со себе да земете личен прибор за хигиена, личен прибор за јадење, пижами и папучи.

## ВИЗИТА и СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ.

Грижата за вашето здравје ја обезбедува собниот доктор и медицинска сестра во соодветната смена. Медицинскиот персонал превзема секојдневни визити во 8.00 часот, до кога се очекува да завршите со вашата утринска хигиена. За време на визитата ќе имате можност да разговарате за вашата здравствена состојба, медицинските испитувања и терапија. Собниот доктор може да спроведува дополнителни визити. Попладневна визита започнува во 19.00. Главната визита на Клиниката е во вторник и петок во 09.00 часот, со која раководи Директорот на Клиниката.

## ХИГИЕНА.

Одржување на хигиената во болничката соба, касетите и санитарните јазли е должност на хигиеничарите. Бањите се заеднички за сите соби и се поделени на машки и женски тоалет. Пациентие се должни да допринесат во одржување на хигиената на Клиниката.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПЕРСОНАЛОТ.

Персоналот можете да го идентификувате преку нивните идентификациски беџови кои содржат фотографија, име и позиција.

## ТЕРАПИЈА.

За време на вашата хоспитализација, може да бидат превземени соодветни медицински испитувања. Во ваша корист е за оваа тема да разговарате со вашиот доктор.
Вие имате право да добиете опширно објаснување за вашата болест или состојба, за превземената терапија, различни алтернативи, и очекувани ефекти и резултати.
Од голема корист би било доколку ја знаете својата медицинска историја и историјата на вашата фамилија (вклучувајќи детали за било кој лек кој го земате редовно или повремено). Ве молиме да давате искрени одговори за вашето здравје, што ќе му помогне на медицинскиот персонал во вашиот третман. Вие исто така би требало да ги разговарате сите проблеми со вашиот доктор, за кои сметате дека имаат влијание на вашето здравје. Доколку сакате да добиете второ мислење, разговарајте со вашиот доктор. Само во итни случаи, не е можно да се обезбеди второ мислење.

## ЛЕКОВИ.

Доколку сте загрижени за лековите кои ви ги даваме во болницата, Ве молиме разговарајте со вашиот доктор или медицинска сестра. Ве молиме да не барате вашата фамилија или пријателите да ви носат лекови од дома, доколку тоа не биде побарано од страна на вашиот доктор или медицинска сестра.

## НАПУШТАЊЕ НА ОДДЕЛОТ.

Доколку имате потреба да излезете надвор од нашиот оддел во било кое време, ве молиме информирајте ја дежурната сестра која се грижи за вас. Болницата е одговорна за вашата безбедност за време на вашиот престој.
Доколку имате било какви потешкотии во изнаоѓање на патот околу болницата, можете слободно да се консултирате со нашиот персонал за потребните насоки.

## ОТПУШТАЊЕ НА СВОЈ РИЗИК.

Освен за оние што боледуваат од одредени околности, сите пациенти имаат право да ја напуштат болницата кога ќе одлучат. Ве молиме да го информирате медицисннкиот персонал доколку сакате да ја напуштите болницата. ОВА ПРЕТСТАВУВА СЕРИОЗЕН ЧЕКОР кога се превзема наспроти советите на вашиот доктор. Доколку одлучите да одите наспроти советот на вашиот доктор, а вашата состојба не се подобри или ве загрижува, вие би требало веднаш да се вратите во болницата или да барате дополнителен медицински совет.

## ОБРАЗОВАНИЕ.

Клиниката е дел од наставата по интерна медицина за студенти по медицина и стоматологија, постдипломски студии по ендокринологија, специјализација по интерна медицина, кои се во рамките на Медицинскиот факултет и поради тоа би можеле да бидете запрашани да им дозволите на студентите да дискутираат детали за вашата болест со вас и/или да превземат медицински испитувања на вас. Клиниката се надева дека ќе ја цените важноста на оваа едукација. Имате право да одбиете да бидете вклучени во едукативните дискусии или испитувања без никаков ефект за вашата грижа или терапија.

## ВРЕМЕ ЗА ПОСЕТА.

Посетителите се ограничени на 2 особи по пациент. Клиниката може да ја забрани посета во определени случаи. Доколку вашите пријатели и роднини не се во можност да ве посетат за време на нормалното време за посета, други термини може да се договорат преку вашиот доктор. Децата посетители мора да бидат цело време под супервизија на возрасен.
Родителите и роднините може да се договорат со докторот да останат со критично болниот пациент за определен период.
Пациентите и посетителите мора да бидат свесни дека за време на посетата пациентот може да има потреба од специјален третман или испитување за кое време посетителите може да бидат замолени да почекаат или да си заминат. Вашите посетители ќе бидат посоветувани кога може да се вратат по завршување на комплетниот третман.
Долгите посети може да бидат заморни за пациентот, па на посетителите им се препорачува да останат кратко време.
Доколку не сакате да примате посета, Ве молиме информирајте ја сестрата одговорна за вас. И покрај напорите на болницата да ги исполни вашите барања, понекогаш не е можно да се забележат сите посетители.
Редовни посети на клиниката се во Вторник, Четврток и Недела од 13.30-14.30

**ВРЕМЕ ЗА ОДМОР.**
Секој ден во периодот помеѓу 12.30 до 13.30, како и од 16.00-18.00 е предвиден за попладневен одмор на пациентите. Активностите се намалени во ова време за да се обезбеди одмор и тишина.

**ПОДАРОЦИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ.**
Пријателите и роднините може да носат цвеќиња на пациентите, но може да има случаи кога поради медицински причини да се ограничи или одстрани цвеќето од пациентот. Цвеќиња е забрането да се носат во одделот за Интензивна нега.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕДИЦИНСКАТА СОСТОЈБА НА ПАЦИЕНТОТ.**
Вие имате право да одредите кој би требало да биде информиран за вашата медицинска состојба. Сите барања во врска со вашата состојба може да ги насочите кон медицинската сестра. Во случај да се потребни подетални информации, медицинската сестра ќе договори тие да се обезбедат.
Доколку се работи за поголема фамилија, најдобро е една личност да претставува контакт за целата фамилија за полесна комуникација со медицинскиот персонал.

**МЕДИЦИНСКО ДОСИЕ И ДОВЕРЛИВОСТ.**
Медицинско досие за вашата болест и третман ќе се чува и тоа ќе биде доверливо, со ограничен пристап само за медицински персонал вклучен во вашето лекување. Ова досие, и било кои други испитувања, направени за време на хоспитализацијата остануваат во сопственост на клиниката. Содржината на вашето медицинско досие ќе биде дадена само со ваше знаење, или во случај каде според законот, пристапот е авторизиран на доверлива или анонимна основа за добивање податоци за статистички и аналитички потреби.

**СОЦИЈАЛНА ГРИЖА.**
По доаѓањето на клиниката, или при соочувањето со болеста, нормално е за пациентите и блиските да се чуствуваат вознемирено, збунето или осамено.
Медицинскиот персонал на клиниката, може да ви помогне со:
Лични проблеми, посебно во врска со болеста или хоспитализацијата
Подршка во прилагодување кон промените во вашиот живот
Фамилијарни проблеми
Планирање за напуштање на болницата
Практични или финансиски проблеми поради болеста

**ПРОЦЕДУРИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР.**
Во случај на узбуна за пожар, пациентите ќе бидат насочени или пренесени во безбедна област од страна на персонал од болницата. На секој кат има излези во случај на пожар. Соодветниот персонал е секогаш на должност да обезбеди сите пациенти да се пренесат на безбедно колку што е можно побрзо во итен случај. За безбедноста на сите луѓе во болницата, против пожарната опрема не смее да биде оштетена или недостапна. Вашата соработка е од огромно значење.

**ПУШЕЊЕ.**
Пушењето е општо познато зло за здравјето.
НА ПЕРСОНАЛОТ, ПАЦИЕНТИТЕ И ПОСЕТИТЕЛИТЕ ЗАБРАНЕТО ИМ Е ДА ПУШАТ ВО ЗГРАДАТА НА КЛИНИКАТА ИЛИ НА СТО МЕТРИ (100 МЕТРИ) ОД ГЛАВНИОТ ВЛЕЗ.

**ОБРОЦИ.**
Оброкот во болницата е важен дел од грижата кон вас. Болницата обезбедува специјални диети кои се прават по консултација со диететичар. Не сме во можност да ги обезбедиме сите ваши барања. Пријателите и роднините се добредојдени да ви донесат храна и пијалаци, но откако се консултирале со вашиот доктор, која храна е соодветна на вашата медицинска состојба и третман.

**СИСТЕМ НА ПОВИКУВАЊЕ.**
Доколку имате потреба од помош, можете да го користите копчето за повикување лоцирано близу до вашиот кревет.

**РАДИО И ТВ.**
Поради рестрикции на електрична енергија, на пациентите не им е дозволено на носат свој телевизор или радио во одделот.

**ЕЛЕКТРИЧНИ УРЕДИ.**
Електричен уред кој би сакале да го користите мора да биде претходно проверен од страна на болницата поради компатибилност и безбедност. Ве молиме да зборувате во врска со ова со вашата медицинска сестра. Одредени специјализирани делови од болницата, на пр. Интензивната нега имаат комплетан забрана на користењето на приватни уреди поради специјалната природа на медицинскат опрема која се користи.

**ПОШТА.**
Добиената пошта се прима дневно и се дистрибуира до секој оддел преку болничкиот курир. Сите писма би требало да бидат јасно напишани со името на пациентот и адреса на одделот. Сите писма што ќе стигнат после вашето отпуштање, ќе бидат препратени на вашата домашна адреса.

**ТЕЛЕФОНИ.**
Во случај да ве бараат на телефон, лицето би требало да остави порака на медицинската сестра со што вие подоцна ќе можете да ги барате доколку сакате.
Јавни телефонски говорници се поставени на приземјето од клиниката.

**ПЕРЕЊЕ.**
Генерално услуги за перење на лична облека не постојат и вие би требале самите да си го организирате тој дел за да имате испрана облека.

**МИНИ ТРГОВСКИ КОМПЛЕКС.**
Мини комплексот е лоциран на главниот влез на Клиничкиот центар и се состои од: Комерцијална Банка, Стопанска банка и Пошта (работно време 07.30-14.30), Тинекс Маркет (07.30-21.30), Жито Лукс (07.00-19.00), трафики на Нова Македонија и Тутун.

**ОТПУШТАЊЕ ОД КЛИНИКАТА.**
Клиниката ќе ве извести вас и вашите роднини веднаш штом ќе можете да ја напуштите болницата. Отпуштањето е планирано да биде најрано можно и вие можеби ќе треба да планирате некој да ве придружува до дома. Доколку имате проблеми за враќање дома, ве молиме да го спомenete тоа веднаш по доаѓањето и медицинската сестра да може да обезбеди дополнителни услуги за вас.
Проверете дали се предвидени дополнителни прегледи и дали се обезбедени лековите кои би ви биле потребни.
Вашата терапија може да не биде комплетирана со вашето отпуштање од болница и може да има потреба да се продолжи со вашето враќање дома. Пред да ја напуштите клиниката, обезбедете се дека вие и вашите роднини или пријатели кои ќе бидат вклучени во вашата грижа, ги имаат потребните информации за грижата кон вас дома.
Со отпуштањето од клиниката, ќе добиете отпусно писмо и медицински извештај, каде ќе бидат внесени сите испитувања кои биле превземени врз вас, дијагнозите, терапијата, наше мислење, како и евентуални контроли.

**ТРАНСФЕР.**
Во определени случаи, потребно е префрлување на друга Клиника или болница. Ова може да се организира во консултација со вас, и/или вашата фамилија.

**АМБУЛАНТА.**
По престојот на Клиниката, може да Ви се советува да дојдете на контролен преглед во соодветната амбуланта (Центар за дијабетес, Ендокринолошка или андролошка амбуланта). Не ја заборавајте вашата медицинска документација, односно медицинскиот извештај од вашите претходни хоспитализации, други испитувања, како специјалистички упат, сино картонче, здравствена легитимација и лична карта. Ве молиме вашиот преглед да го закажете на телефон.(02/147-263 или 02/147-265).

**ПРОМЕНА НА АДРЕСА.**
Ве молиме да ја информирате клиниката доколку имате промена на вашето име или адреса.

**ТРАНСПОРТ.**
Доколку имате потреба од транспорт до дома при отпуштање од болница, би сакале да ве информираме дека е можно да се организира превоз, но трошоците ќе бидат ваша обврска.

**ЈАВЕН ТРАНСПОРТ.**
Автобуси кои сообраќаат до клиниката:
Такси постојката е лоцирана пред главниот влез на клиниката.

**ПАРКИНГ.**
Паркинг просторот се наоѓа во кругот на Клиниката.